**До [redacted]**
**[redacted]90@gmail.com**

**Предмет: Доставување на информација од јавен карактер**

Почитувани,
Постапувајќи по вашиот меил од 28.10. 2021 година, согласно нашите надлежности ви ги доставуваме бараните информации и тоа:

- **Информација за точка 1:**

Дали вашата општина нуди волонтирање или практиканство за млади? Ако да,
дали и колку млади досега покажале интерес и се вклучиле во работата на општината?

**Општина Крива Паланка е отворена за волонтирање и практиканство и ги прифаќа сите млади луѓе што ќе пројават интерес, во периодот пред ковид пандемијата, интерес за волонтерство имаше од студенти запишани на студии како на универзитетите во државата исто и надвор од државата, пред се наши државјани на студии во некоја од соседните земји, во летниот период, односно месеците јули и август. Во просек овој број се движел околу 5 студенти (практиканти) на месечно ниво.**

- **Информација за точка 2 :**

Дали имате направено одредено истражување или анализа колку младите од вашата општина се заинтересирани за волонтерство?

**Не ваково истражување општината нема направено.**

- **Информација за точка 3 :**

Дали во вашата општина е стигнато барање / молба од млади лица за покренување на одредена иницијатива во општината? Ако да, на што се однесува иницијативата и дали е поддржана од општината?

**Не, формално барање за покренување на иницијатива од млади лица досега општината нема добиено.**

- **Информација за точка 4 :**

Дали и колку вашата општина самостојно или во соработка со други институции/организации поддржала реализација на младински проекти? Доколку има поддржано, ве молам за повеќе информации за бројот и видот на поддржани младински проекти.

**Во општината се реализирани и се реализираат проекти кои се во директна врска со подобрување на животот на младите. Е сега што конкретно подразбирате под младински проекти, ако се мисли на проекти иницирани и имплементирани од млади, со ваква статистика општината во моментот не располага.**

- **Информација за точка 5 :**

Дали вашата општина има изготвено Локална стратегија за млади и / или Локална стратегија за волонтерство?

**Општина Крива Паланка има изготвено Локална стратегија за млади во партнерство со локалнат амладинска организација „ЦИК – ЦАК „ и истата е усвоена од Советот на Општината**

Со почит!

Место и датум : 29.10.2021г.
Крива Паланка

**Службено лице за посредување со информации**
**Лидија Митовска**